# ВОДИЧ за заштита на СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ од НАСИЛСТВО



мај 2017, Скопје

# ВОДИЧ ЗА ЗАШТИТА
## НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ
# ОД НАСИЛСТВО

Издавач:

Здружение за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените - ЕСЕ

Ул. Максим Горки бр. 20-1-4, Скопје

Тел: 02 3298 295; 3298 296
Факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

Студијата е финансиски поддржана од

USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
Проект за правна заштита на жените

# За водичот...

Водичот за заштита на сексуалните работници од насилство е дел од серијата водичи наменети за жени жртви на насилство, подготвени во рамки на Проектот на УСАИД за правна заштита на жени. Проектот на УСАИД за правна заштита на жените го спроведува Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ во соработка со Отворена порта Македонија - Ла Страда и коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" и опфаќа три клучни компоненти: подобрување на судското постапување во предметите поврзани со насилство и дискриминација врз жените; унапредување на законската рамка со која се овозможува заштита на жртвите на насилство и дискриминација и унапредување на работењето на граѓанските организации што им даваат правна помош на жените жртви на насилство и дискриминација.

Сѐ уште присутните патријархални вредности и предрасуди за улогата на жената во семејството и во општеството се суштински фактор што придонесува за толерирање и минимизирање на родово базираното насилство, како и барање на вина и одговорност за насилството кај самите жртви. За жал голем дел од овие ставови се застапени и кај претставниците на институциите на системот, па оттаму е и недовербата дека поддршката и заштитата на жртвите од насилство ќе биде обезбедена соодветно, навремено и квалитетно. Исто така жртвите на насилство не се доволно информирани за своите права и постојните можности за нивна заштита од насилство. Од овие причини сметавме дека

во процесот на помагање и поддршка на жртвите на насилство потребно е нивно постојано информирање и охрабрување.

Водичите се подготвени врз основа на искуството што го имале жртвите на семејно насилство, трговија со луѓе и сексуалните работници во однос на пристапот до надлежните институции и заштитата што им била обезбедена.

Се надеваме дека Проектот на УСАИД за правна заштита на жените преку подготвените водичи ќе придонесе за зголемување на информираноста на жртвите за законските механизми за заштита и уште повеќе ќе ги охрабри да ги користат овие механизми за заштита од насилството.

Водичот за заштита на сексуалните работници е наменет за сексуалните работници коишто се жртви на насилство, но и за оние што се изложени на потенцијално насилство. Водичот содржи информации за мерките што можат да ги применат сексуалните работници за да се заштитат од насилство. Дополнително, Водичот дава информации за постојните механизми за заштита на правата на сексуалните работници во случај на насилство, дискриминација и повреда на нивните права.

Овој Водич ги зема предвид различните форми во кои поединци се вклучени во сексуалната работа, а со тоа и ризиците што можат да произлезат и да ги направат сексуалните работници ранливи на насилство. Водичот е наменет за сексуалните работници што работат во затворен простор, на отворено, во угостителски објекти и други форми на сексуална работа.

# 1. ВОВЕД

Сексуалните работници се полнолетни луѓе кои, повремено или редовно, доброволно давааат сексуални услуги за пари или други добра и услуги. Сексуалната работа е историски криминализирана и стигматизирана и доведува до сериозни повреди врз животот и здравјето на сексуалните работници во Македонија. Сексуалната работа во Република Македонија е регулирана како прекршок против јавен ред и мир, а кривично се казнуваат организирањето, посредувањето и/или присилувањето на сексуална работа.

Системската дискриминација има создадено бариери, па многу од сексуалните работници не можат да пристапат до здравствените, социјалните и правните услуги, а со тоа им се негира правото на заштита и поддршка. Неодамнешните истражувања покажуваат висок степен на насилство врз сексуалните работници и несоодветен одговор на институциите при нивна заштита [1]. Во Македонија доминантно цисродовите жени [2] и трансродовите лица [3] се занимаваат со сексуална работа, па оттука насилството врз сексуалните работници е родово базирано и бара специфични мерки за превенција и негово елиминирање. Истражувањето за родово базираното насилство врз жените во јавните простори низ градот Скопје покажа дека сексуалните работнички се единствена група жени што се жртви на насилство од омраза [4].

[1] ХОПС - Опции за здрав живот Скопје. Анализа на ставовите на сексуалните работници за потребата од промена на законската регулатива за сексуалната работа во Македонија, 2015.

[2] Цисродово лице - лице чиј родов идентитет е во склад со неговиот биолошки пол.

[3] Трансродово лице - лице чиј родов идентитет не се совпаѓа со бинарните стандарди на општеството или чиј родов идентитет е спротивен на биолошкиот пол. Овде спаѓаат лицата кои се родово неконформирани, родово квир, транссексуални, крос-дресери итн.

[4] http://www.reactor.org.mk/CMS/Files/Publications/Documents/scoping%20study%20%20VAW%20public%20spaces%20Skopje.pdf.

## 2. Видови на насилство на кои се изложени сексуалните работници

**ФИЗИЧКОТО НАСИЛСТВО.** Изложеноста на физичка сила може потенцијално да предизвика повреди, па дури и смрт. Физичката сила ги вклучува, но не е ограничено, следните дејства: тепање, удирање, туркање, удирање шлаканици, клоцање, гаѓање со предмет, влечење, давење, намерно горење по телото, закана за употреба на оружје, употреба на оружје (пиштол/пушка, нож или друго оружје со кое може да се нанесе повреда). За други облици на физичко насилство се сметаат и: касање, бодење, протресување, влечење за коса и физичко ограничување на движењето на сексуалниот работник.

**СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО.** Силување, групно силување, сексуално вознемирување, физички присилување или психолошка закана да се стапи во сексуален однос, спротивно на волјата на сексуалниот работник. Тука спаѓаат и дејствата на непосакувано допирање по телото што сексуалниот работник го смета за деградирачко и понижувачко; орална, вагинална или анална пенетрација со пенис или друг предмет.

**ЕМОЦИОНАЛНО ИЛИ ПСИХОЛОШКО НАСИЛСТВО** вклучува, но не е ограничено, навредување на сексуалниот работник (пр. извикување на погрдни имиња, курво, камењарко и сл.), предизвикување чувство на помала вредност; понижување и омаловажување во присуство на други луѓе; закана со губење на старателство врз дете; затворање или изолирање од роднините и пријателите; закана за напад врз близок роднина или пријател; викање со употреба на заканувачки зборови и/или гестови; контрола врз однесувањето и движењето на сексуалниот работник; посесивност и други начини со кои се влијае врз психолошкото здравје на сексуалниот работник.

# 3. Контекст во кој се случува насилството

Постојат повеќе контексти, динамики и фактори што ги ставаат сексуалните работници во ризик од насилство. Насилство на работното место вклучува насилство од посредник, клиенти или од други сексуални работници што работат во близина каде што се одвива работата (хотел, бар, улица и др.).

**Насилство од интимен партнер и членови на семејство.** Стигматизацијата на сексуалната работа води кон тоа што партнерот или членови на семесјтвото сметаат дека е дозволено да се казни жената што има сексуален однос со друг маж. Најчесто е тешко сексуалната работничка да ја напушти насилната врска поради закани, страв дека ќе го изгуби домот или старателството врз децата.

**Насилството врз сексуалните работници од напаѓачи во јавност** е честа појава, која опстојува поради климата на неказнување на напаѓачите врз секасуалните работници. Сексуалните работници, посебно оние што работат на отворено, се жртви на кражби, на насилно и навредливо однесување на минувачите, а поради нивната видливост, тие се обвинуваат за бројни општествени проблеми, вклучувајќи го и проблемот со ХИВ инфекциите. Оние што работат во затворени простории се изложени на насилно однесување од нивните закуподавачи.

**Насилството од страна на државата** се манифестира преку постапки на институциите со дејства што се насилни кон сексуалните работници (полициски службеници физички малтретираат и вербално омаловажуваат сексуални работници) или со непостапување, односно недавање услуги и заштита

што се должни да ја дадат согласно со законските овластувања (непостапување на полицијата во случај кога сексуален работник пријавува насилство од клиент).

## 4. Индивидуални мерки за заштита[5]

- Верувај му на својот инстинкт. Доколку чувствуваш несигурност за некого (потенцијален клиент), сигурно постои добра причина за тоа.
- Секогаш информирај некого кога одиш да работиш и кога очекуваш да се вратиш.
- Со себе секогаш носи свирче. Држи го на дофат или пак на место каде што можеш лесно да го најдеш и да го употребиш.
- Доколку имаш мобилен телефон, носи го со себе. Пред излегување од дома, погрижи се телефонот да има наполнета батерија и доволно кредит. Можеш да поставиш број за итни случаи (од полиција или близок пријател) и да го свртиш со едно притискање на копче на телефонот.
- Добро е да имаш со себе пенкало и лист хартија на која ќе можеш да запишеш битни информации за насилен настан, насилник, број на регистерска таблица и други информации корисни за откривање на насилниците.
- Избегнувај да работиш на изолирани локации каде што никој не може да те слушне доколку ти треба помош.
- Треба да имаш утврдено кои услуги ќе ги даваш и по која цена пред да влезеш во преговори со клиентот.
- Прво сослушај го клиентот кои услуги ги бара, пред да се согласиш да работиш.
- Доколку не постигнеш договор со клиентот, одбиј го.

[5] Индивидуалните мерки за заштита се идентификувани од страна на сексуалните работници кои работат на различни локации низ повеќе градови во Македонија. ХОПС. Заедно сме посилни, 2011.

• Внимавај на возилото на клиентот. Не влегувај во возилото доколку има повеќе луѓе во него.

• Кога разговараш со клиент, секогаш имај став дека си со самодоверба, силна и имаш контрола врз ситуацијата.

• Употребата на алкохол и дрога може да ја намали твојата способност да расудуваш јасно, свесно и брзо. Избегнувај да работиш кога си под дејство на алкохол или дрога.

• Секогаш планирај го начинот на кој можеш да излезеш или да го напуштиш местото каде што работиш. Биди фокусирана на однесувањето на клиентот за да можеш да реагираш брзо.

• Доколку бидеш нападната, остани мирна колку што можеш и веднаш упати се на прометно место каде што можеш да побараш помош.

• Доколку се договараш со клиенти преку телефон, погрижи се со клиентите што се договараш за првпат да се сретнеш на јавно место.

• Кога се договараш со клиенти преку телефон, не одговарај на повици од скриен број.

• Доколку работиш во хотел, пред да се согласиш за услугата, договори се со клиентот тој да ги остави податоците од личната карта на рецепција.

• Кога имаш непознат клиент, издвои време да поразговараш за да го запознаеш подобро и да процениш дали би ти наштетил.

• Не претпоставувај дека некој е добар само заради тоа што изгледа достоинствено.

• Не прифаќај работа, доколку клиентот е под дејство на алкохол или дрога.

• Кога работиш дома, осигурај се дека во просторот нема работи што можат да се употребат како оружје против тебе (украси, марами, остри предмети и др.).

• Посети часови за самоодбрана за да научиш како да избегнеш насилство и како да се одбраниш ако некој те нападне.

Трансродовите сексуални работници треба да бидат внимателни со клиентите заради нивниот статус, посебно ако немаат извршено операција на гениталиите. Потребно е внимателно да проценат дали ќе му кажат на клиентот за (не) оперираните гениталии. Трансродовите сексуалните работници од маж кон жена се најчесто жртви на насилство од клиенти заради неоткривањето на нивниот статус, што може да го збуни клиентот во врска со неговата сексуалност. Веројатноста за ваков тип на насилство врз трансродовите сексуални работници е поголема во средина каде што владее хомофобија и трансфобија.

За да се намали ризикот од насилство, трансродовите сексуални работници може да го ограничат видот на услугите што ги даваат за да се заштитат од откривање на гениталиите и нивниот статус.

## 5. Законски механизми за заштита

**Насилството врз сексуалните работници е кривично дело.** Секој акт на насилство треба да се санкционира со судска пресуда. Во зависност од видот и контекстот на насилството, жртвата може да бара заштита во кривична постапка.

Целта на кривичната постапка е да се казни насилното однесување и да се спречи насилникот во иднина да врши насилство, но и да влијае врз другите луѓе да не вршат насилство, бидејќи ќе бидат казнети според законот.

## Како да постапиш во случај на насилство?

Доколку си жртва на физичко, вербално или сексуално насилство, тоа можеш да го пријавиш во најблиската полициска станица.

Ако полицијата одбива да го заведе твојот случај, може да поднесеш кривична пријава до јавното обвинителство или во суд. Во случај на семејно насилство (насилство од страна на партнерот или член на семејството), може да добиеш судска заштита во кривична постапка за кривичните дела што се казнуваат построго, доколку се извршени во контекст на семејно насилство. Исто така може да добиеш заштита во граѓанска постапка во која ќе бараш на насилникот да му се изречат привремени мерки за заштита. Со мерките на заштита може да добиеш брза помош и заштита.
Доколку си жртва на повреда на правата од страна на полициски службеник, повторно насилството се пријавува во полициска станица. Доколку се соочиш со отпор на колегите, односно полициските службеници одбиваат да ја примат пријавата, може да поднесеш кривична пријава до основното јавно обвинителство или во судот.

За непостапување на полициски службеник, покрај судска заштита, може да бараш да биде казнет и од Секторот за внатрешна контрола и полициски стандарди во Министерството за внатрешни работи.

Кога пријавуваш насилство, обиди се да запаметиш и да дадеш што подетални информации за времето, местото, начинот на кој си нападната, како и детали од напаѓачот.

## Секогаш обиди се да ги дадеш следните информации за напаѓачот:

- боја и должина на коса;
- градба, висина, возраст;
- боја на очи;

• накит и други специфични додатоци што ги носел (синџир, обетки и сл.);
• специфични обележја (тетоважа, белег, брада, мустаќи);
• мирис на телото;
• облека и обувки (боја, марка, материјал и др.);
• акцент на кој зборува, специфични изрази што ги употребува;
• возило, доколку има;
• дали во околината каде што се случил нападот има видеонадзор и
• други информации што може да ѝ помогнат на полицијата во пронаоѓање и идентификување на сторителот.

## Доколку си жртва на физички напад:

Веднаш побарај медицинска помош заради евиденција на повредите.

Доколку нема видливи повреди, може да се земат примероци од твоето тело заради проноѓање на ДНК материјал од напаѓачот.

Во случај на силување задолжително побарај гинеколошки преглед, најбрзо по настанот.

## 5.1 Како се води кривична постапка

Доколку си **жртва на полесно кривично дело** (телесна повреда, загрозување на сигурност, присилба и др.), по **пријавата во полиција** треба да поднесеш **приватна кривична тужба до суд.**

Ако си **жртва на потешко кривично дело** (силување, тешка телесна повреда, насилство и др.), откако ќе го пријавиш случајот во полиција, тие веднаш го известуваат јавниот обвинител. По **приемот** на **кривичната пријава,** јавниот обвинител има **рок од три месеци** во кој ќе одлучи **дали ќе го гони насилникот.** Ако јавниот обвинител во овој рок не одлучи по пријавата, должен е веднаш писмено да те извести.

Јавниот обивнител може да ја отфрли кривичната пријава во случај кога пријавеното кривично дело не се гони по службена должност, е застарено или постојат други околности што ја исклучуваат кривичната одговорност.

Кога **јавниот обвинител** има доволно **докази** за продолжување на постапката, **поднесува обвинение до надлежен суд.**

По **приемот** на **обинителниот акт**, судијата е должен **најдоцна во рок од 30 дена** да **закаже главна расправа**.

Судијата ќе те покани да учествуваш на главната расправа.

Биди подготвена да сведочиш пред судот и да бараш отштета од насилникот за повредите и претрпениот страв и срам од насилството.

**Главната расправа е јавна.** Заради заштита на твојата приватност или безбедност, **може да бараш од судот да ја исклучи јавноста во текот на судењето или додека сведочиш.**

По изведување на **доказите**, судот донесува **пресуда** со која може да одреди **сума како надомест за штета за насилството врз тебе.**

## 6. Контакти од организации и институции за заштита на правата на сексуалните работници

**ПОЛИЦИЈА** 192

**ИТНА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ** 194

**СОС - линија за жртви на семејно насилство !**

**070 141 700; 075 141 700; 077 141 700**

**Здружение ХОПС Опции за здрав живот Скопје**
ул. „Христо Смирненски" бр. 48-1/6, 1000 Скопје
02/2630 499

**Коалиција Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници**
бул. „Климент Охриски" бр. 66-1/3, 1000 Скопје
02/3214 269

Во подготовката на водичот учествуваше:
Коалиција **„ Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници“.**



ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ
www.esem.org.mk